Бр./Nr 12-1671/3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

19-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63-тата седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по пријавата со број 12-7288/1 од 24.12.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-7288 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-7288/1 од 24.12.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава ///, во својство на ///. Во пријавата се изнесени сомнежи за несовесно и незаконско разрешување член на училишниот одбор на /// – /// од страна на ///. Според подносителот, на /// година, /// донел одлука за разрешување на лицето /// од училишниот одбор на претходно наведеното училиште и истовремено била донесена одлука за избор на друго лице да ја извршува таа функција. Сето тоа било направено спротиво на чл. 24 т. 5 од Статутот на училиштето, кој го уредува времетраењето на мандатот на членовите на училишниот одбор и без да се запазат условите за разрешување и именување членови на училишниот одбор уредени во чл. 39 – 41 од Статутот на училиштето. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК се обрати со барање за надлежно постапување и доставување податоци, информации и документација од Државен инспекторат за локална самоуправа при Министерство за локална самоуправа на РСМ, кој во својот одговор до ДКСК наведе дека во конкретниот случај, при вршењето инспекциски надзор за конкретниот случај не биле констатирани неправилности, незаконитости или пропусти, па постапката за овој случај ја запрел.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно горе наведеното, произлезе дека предметот нема елементи за натамошно постапување, заради што ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**